**Блаже Миневски**

# ВИСТИНСКИ НАСТАН

Времето во кое се случи оваа драма не е запишано ниту во дефтерите на хроничарите, ниту во белешките на патеписците, ниту пак во извештаите на белосветските набљудувачи, кои, одмарајќи се во македонските манастири, наводно го запишувале она што го виделе и она што го чуле. Времето во оваа приказна истовремено постои и се поништува, и затоа никој нема никаква можност за сведоштво. Останува само да се проживеат спомените на мртвите, зашто сите живееме во соништата на мртвите.

## ЛИЦА И ЛИЧНОСТИ:

| | |
|---|---|
| **ПРЛИЧЕВ** | македонскиот поет, втор Хомер, убиен со отров во јазикот |
| **НЕДА** | измислено име за Марија Прличева, мајка на Григор Прличев |
| **КУЗМАН** | и дух и човек, војвода и љубовник |
| **МАРИЈА** | жена што ги живее своите соништа, свршеница на Кузман, калуѓерка, разговара со тревки и цвеќиња |

| | |
|---|---|
| **ЈОНЕ ГАВРАНОТ** | сенка на Прличев, човек што зборува како да грачи, ѕвездочатец, куц на едната нога, нема сведоци за неговото раѓање, може ќе живее вечно во другите |
| **ХОМЕР** | поет, гуслар и билкар, старец што знае да оди без да гази на земјата |
| **ЕВТИХИЕ** | игумен, спомените ги запишува во камен |
| **ВЛАДИКАТА I** | блудник, ѓавол во мантија |
| **ВЛАДИКАТА II** | живо старче, тајно жарче |
| **ДОНЧО** | трговец со ориз и мадиња од видра |
| **ТЕМЈАНА РИЗОВА** | тајна љубовница на блудниот владика; венчана жена на Јоне Гавранот |
| **РАНГАВИС** | претседател на комисијата за доделување на ловоровиот венец во Атина |
| **КАРАМАНЛИС** | поетче со мали мустаќиња под носот, кога зборува се подигнува на прсти |
| **БОТЕВ** | поет |
| **КАРАВЕЛОВ** | поет, негов пријател |
| **РАФИЗ** | стражар во Дебарскиот затвор, водач на Гегите |
| **САИТ** | затвореник без око; зборува како да врши голема нужда |
| **ЗАТВОРЕНИК** | разочаран војвода |
| **ЦИГАНОТ** | затвореник, гроф на глувците |
| **ДЕТЕ** | заталкан спомен |

**ДЕВОЈЧЕ** Елена, ќерка на Темјана Ризова

**ХОР** необјективен посматрач на приказната

## ХОРОТ - ФРЕСКА - ПТИЦИ

Секој од ликовите и личностите, освен Прличев и Хомер кога се игра "неговата сцена", излегува од Хорот. На крајот од сцената пак се враќа во Хорот. Оттука, целата драма би можела да се реализира со десетина артисти, кои со мали знаци - додека се во Хорот - ќе се трансформираат во нов лик. Хорот ќе биде и народ, и духови, и птици... Може да биде и затвореници, арнаути, комити, сенки, сеирџии, ороспии, пресечени глави, уморно сонце, поканети и непоканети сведоци. Хорот може да биде - и сé, и ништо. Целата претстава од некое високо место ја гледа старец со гусла. Старецот одвреме-навреме свири и пее. Истиот старец може да го игра и Хомер.

## ПЕСНАТА НА СТАРЕЦОТ

Старец, како белоглав орел, седи негде високо во темнината и свири на гусла. Осветлени се само неговото лице и гуслата. До него седи момченце и го гледа. Старецот ја пее песната "Сардисале Лешочкиот манастир". Песната е стилизирана и чудно звучи. Кога старецот ја почнува песната, во темната пред него полека се осветлува прекрасна, блескава

макета на манастир. Тишина. Одеднаш макетата експлодира. Штама. Детето се симнува. Флуоресцентната светлина му го осветлува само лицето, белите рачиња и белите чевлички. Горе останува старецот што се задушува во неиспеаните зборови, одвај:

**СТАРЕЦОТ:**

Каде отиде нашето време?

## КАМЕНОТ НАЈДОЛГО ГИ ЧУВА СПОМЕНИТЕ

Манастирски ѕид. Стари гробови. Парчиња фрески на урнати ѕидови. Отец Евтихие, упорно длаби во каменот. Доаѓа детето. Го гледа отец Евтихие. Молчи.

**ДЕТЕТО:**

Кое време сме сега?

**ЕВТИХИЕ:**

Како што милуваат другите. . .

**ДЕТЕТО:**

Наше ли е времето?

**ЕВТИХИЕ:**

Ние одамна немаме наше време.

**ДЕТЕТО:**

Што пишувате?

**ЕВТИХИЕ:**

Спомени.

**ДЕТЕТО:**

Какви спомени?

**ЕВТИХИЕ:**

Овде Свети Климент ги учел деца да глаголат по наше. Сега во целиот град нема ни десет луѓе што знаат да го пишуваат нашето писмо! Многумина не знаат ниту да зборуваат. (издишува). Ќе не расеат ветриштата како бубачки. Никогаш нема да се вратиме. (длаби и дува во каменот). А зошто си дошол ти олку рано на гробишта?

**ДЕТЕТО:**

Му донесов лебец на тате. Тој е овде, зад вас! Овде е тате. Го убија кај манастирот. Тате сам го бранеше селото.

**ЕВТИХИЕ:**

(Се крсти) Бог да го прости. (го гали каменот) Неговата душа сега е твоја (длаби).

**ДЕТЕТО:**

(Клекнува, вади лепче од џебот и рони на плочата. Гледа во сонцето што паѓа од покривот на црквата) Ако го мамам со лепче, сонцето подолго ќе остане на гробот. На тате ќе му биде топло. И сонцето е гладно. Цел ден шета по ридиштата, си игра со срнчиња, со еленчиња. . .

**ЕВТИХИЕ:**

Ако, ако. . .

**ДЕТЕТО:**

Ви пречи ли што зборувам?

**ЕВТИХИЕ:**

Мене ми пречи само мојот бесполезен живот. . . (длаби и дува во каменот)

**ДЕТЕТО:**

Сакам нешто да те прашам, оче Евтихие.

**ЕВТИХИЕ:**

(Запира, го погледнува)

**ДЕТЕТО:**

Што пишуваш во каменот?

**ЕВТИХИЕ:**

Имиња, дати, соништа, спомени. . . Ќе поминат овде разни луѓе. Може ќе избришат сé; може ние - како што сме луди - самите ќе урнеме сé, ќе уништиме, ќе сотреме... Треба да остане знак. Некој некогаш може ќе проба да не спаси. Од негде мора да се почне. Од име, од дата; од сон, од спомен. . . Треба корен, дете; за сé треба корен. Затоа земјата е длабока и затоа небото е високо. (се напива вода од бардето; пауза) Убаво сонце!

**ДЕТЕТО:**

Везден се смее!

**ЕВТИХИЕ:**

И каменот при такво сонце полесно се отвора; полесно се работи. Слушаш ли нешто?

**ДЕТЕТО:**

Не.

**ЕВТИХИЕ:**

Тогаш некој не слуша нас.

Од ХОРОТ - фреска - птици - излегува Марија, жена што ги живее своите соништа. Оди со испружени раце. На дланките ѝ слетуваат пеперутки.

**МАРИЈА:**

Еј, светлината сончева одвај проѕирнува ене. В сенчести гранчиња, еве, кукајца се вести, и штом пролет ќе наближи само - таговно в пресрет и кука. (ги гали крстот до детето). И шумоли поточе, брзо ко змија... Кажи перунике, сестро, каде е патот за мојава тага? Пепелта сива овде се суши. Цвеќе ги крие гробовите пусти. Не се гледа земјата од нив - толку се густи! Кажи перунико! (го забележува малиот, гледа во Евтихие) Оче, Евтихие, запалив свеќа пред очите на нашите светци! Свети Климент ми се насмевна и ме погали по косата. Уште е овде неговата рака. Овде е неговата рака. Ги изнесовме иконите на сонце. Сопрво сите замижаа, а потем кроце ги отворија очите и почнаа да трепкаат. Сега сите гледат во бадемите. (му дава писмо). Многу убаво расцутеа бадемите! Кога ќе се вратиш во манастирот, долу, оче Евтихие?

**ЕВТИХИЕ:**

(Го гледа писмото) Си одела цела ноќ?

**МАРИЈА:**

Не, не! Не, оче Ефтихие. Тргнав в зори. Трчав по ситна пеперутка, затоа стигнав брзо, затоа оче Евтихие.(пауза) Се изгубивме во багремите.

**ЕВТИХИЕ:**

Реков дека не треба да доаѓаш! Само ти доаѓаш; нема ли други што можат да те одменат, сестро Маријо!

**МАРИЈА:**

Сонив сон дека Кузман ќе ме чека кај реката! Ги прашував сите пилци, сите тревки, цвеќиња, молев на колена, а Кузман не го сретов... (се врти со ветрот) Кажи мило мое ветре, али му го слушаш негде вишно високо срцето? Али му ги носиш, ветре, очите? Да не ми го криеш негде тајум од мене, и кутра, и жална, ветре мое стрмно? Кажи мило мое ветре, али може негде да ни се сретат душите, али има крај за мојава тешка тага? (сопира, чека ветрот да ѝ каже)

**ЕВТИХИЕ:**

(Го дочитува писмото. Продолжува да длаби) Ја зедов во манастирот за да не ја растргнат кучиња по гробиштата. Качаци ѝ го убија свршеникот. Разговара со тревки и цвеќиња.

**ДЕТЕТО:**

Си шепоти сама. . .

**ЕВТИХИЕ:**

Богу служи за тешката рана. Ја сметаат, бедна, за поулавена да е.

**МАРИЈА:**

(се врти меѓу гробовите, со дланките си игра со пеперутките и влегува во хорот - фреска).

**ДЕТЕТО:**

Еј! (Тргнува по сонцето што се повлекува) Сонце, мило сонценце, не оставај го тате сам!

**ЕВТИХИЕ:**

Чекај го на оваа страна! Пак ќе дојде, нема каде да избега. ..

## ЗБОРОВИТЕ СЕ ЗА ОНИЕ ШТО НЕ ГИ ПОЗНАВААТ

ХОРОТ шепоти: "Ако ти отече срцето, од кисел леб, филија свари со мед, и врзи ја на срце. Брзо ќе помине". Шепотот личи на баење, на некаков ритуал - се повторува како далга, одѕвонува, шета.

**МАРИЈА:**

Кузмане! Овде сум! Сенка што в раце масleниче носи, нажалена варди кандилото да не се згаси, гробот со солзи го роси. Зошто не се вратиш, зошто бегаш по планините? Нема веќе качаци! Заминаа преку границата...

**КУЗМАН:**

Молчи. Зборовите се за оние што не се познаваат.

**МАРИЈА:**

Ветре ми жуборка во очиве; немам сон да ги затворам солзите. Тргнав по една пеперутка и стигнав...

**КУЗМАН:**

Молчи, Маријо! Слушај како шепотат спомените. Молчи.

**МАРИЈА:**

(Шепоти) Како да молчам, Кузмане?

**КУЗМАН:**

Затвори ја устата, и молчи!

**МАРИЈА:**

Молчам со години, те чекам, ама. . .

**КУЗМАН:**

Чекај.

**МАРИЈА:**

Јас те сакам!

**КУЗМАН:**

Никој овде никого не сака! (пауза) Освен ако омразата е љубов. (пауза) Не јадат болви по планините, леб не сме виделе осум дена, ги лечиме раните со трева.

**МАРИЈА:**

Ранет си, Кузмане?!

**КУЗМАН:**

(Се удира со раката во градите) Овде сум ранет!

**МАРИЈА:**

Со солзи од срна и мајчина душичка, веднаш ќе зацели, каде?

**КУЗМАН:**

Маријо! (пауза) Качаци има секој ден се повеќе, ние сме се помалку! Долу сите станале предавници! Се здружиле со качаците, за да крадат заедно! Сами не се почитувате, а јас треба да ве бранам! Кој ти кажа дека сум овде?

**МАРИЈА:**

Григор.

**КУЗМАН:**

(Нервозно се свртува за да си оди, но застанува) Ќе ни го исколат народот на спиење! Григор!

**МАРИЈА:**

Григор се спрема за пат. Тргна наваму, ќе дојде брзо. (сака да го погали по лицето)

**КУЗМАН:**

Не сакам да го видам!

**МАРИЈА:**

Симни се и ти, Кузмане; симни се долу! Никој веќе не сака да гине за никого; сите се борат само за себе. . . (пауза) Треба да имаме време за среќа. . .

**КУЗМАН:**

Како е мајка?

**МАРИЈА:**

Те чекаме да се вратиш. Ноќе седиме на прагот и ги гледаме огновите на Мокра.

**КУЗМАН:**

Далеку гледате.

**МАРИЈА:**

Таа знае кој е твојот пламен!

**КУЗМАН:**

Три недели не сме на Мокра!

**МАРИЈА:**

Нема да ѝ кажам дека те видов.

Влегува во Хорот; задишан излегува Прличев. Носи куфер. Веќе се разденува. ХОРОТ се птици што се будат.

**ПРЛИЧЕВ:**

Ноќта превршта се у ден! Прелестен лежи под нас градот. (се смее)
Добро утро, капидане (сака да го гушне).

**КУЗМАН:**

(Се тргнува) Добар ден...

**ПРЛИЧЕВ:**

Имам болки во ногата. Одвај се качив. Заминувам за Атина. Ќе студирам медицина!

**КУЗМАН:**

А татковината?

**ПРЛИЧЕВ:**

Јас без неа не можам.

**КУЗМАН:**

Таа без тебе може! (пауза) Не ти го разбира јазикот.

**ПРЛИЧЕВ:**

(Го зема куферот, пак го остава, и пак го зема, се врти како изгубен) Еден ден ќе се разбереме, војвода.

**КУЗМАН:**

Барај лек за ногата.

**ПРЛИЧЕВ:**

Важна е душата!

**КУЗМАН:**

Што ќе му е нога на поет!

**ПРЛИЧЕВ:**

Или глава на војвода!

**КУЗМАН:**

Ќе те оставам жив за да знаеш дека простувам! (го гушнува)

Втрчува во долга црна наметка - Јоне Гавранот. Трчи околу нив.

**ЈОНЕ:**

Признавам! Признавам! Ушите ми се долги, но имам добар нос! (грачи) Јас сум - гавраааааан!

**КУЗМАН:**

(Ја вади сабјата за да го исече)

**ПРЛИЧЕВ:**

(Му ја фаќа раката) Јоне Гавранот. Ѕвездочатец. Постојано умира и пак оживува. Кучињата бегаат, луѓето го тепаат. Штом грачи, ќе заврне. Мора да тргнам!

**КУЗМАН:**

Тргни.

**ПРЛИЧЕВ:**

Добро.

**КУЗМАН:**

Добро.

**ПРЛИЧЕВ:**

(Заминува)

**ЈОНЕ ГАВРАНОТ:**

(Повторно долетува, врти и паѓа) Од мене нема бегање! Мене и султанот ми признава дека ме бива! Јас сум Јоне -гавранооот!

**КОЛКУ Е УБАВА ОВАА ЗЕМЈА ЦРВЕНА!**

Прличев го остава куферот. Негде далеку се слушаат грмотевици. Со него е еден непознат човек, кој, исто така, носи куфер. Тоа е Филип - трговец со мадиња од видра. Му го дава чадорот на Григор.

**ДОНЧО:**

Ќе заврне. А од будали чувај се самиот! Што ќе работиш?

**ПРЛИЧЕВ:**

Пишувам стихови! Напишав поема за Кузман Капидан!

**ДОНЧО:**

Гледај од што ќе живееш!

**ПРЛИЧЕВ:**

Само лебец ми треба.

**ДОНЧО:**

Само со лебец не се живее.

**ПРЛИЧЕВ:**

Јас само со лебец досега сум живеел...

**ДОНЧО:**

Овде друг е воздухот. Сите се писмени.

**ПРЛИЧЕВ:**

А, вие? Како живеете?

**ДОНЧО:**

Од мадиња! (пауза) Продавам мадиња од видра! Овде многу сакаат мадиња од видра. Прават мелем за да личат ем на Платон, ем на Александар Велики! Четири мадиња - осум оки лимони. Осум оки лимони - пет оки сирење. Порано продавав ориз. Сега се смени пазарот. Сега сакаат мадиња. . . (го зема куферот)

**ПРЛИЧЕВ:**

Не ми го кажа името!

**ДОНЧО:**

За пријатели сум  Дончо, за непријатели Аврам. Овде ќе се разделиме!

**ПРЛИЧЕВ:**

Далеку ли е градот? (му го подава чадорот)

**ДОНЧО:**

Зад ридот!

**ПРЛИЧЕВ:**

(За чадорот) Не треба!

**ФИЛИП:**

Момче!

**ПРЛИЧЕВ:**

Григор. (гледа во небото) Престана. (го затвора чадорот)

**ФИЛИП:**

Пак ќе заврне. (тргнува) И чувај се од будали, момче. Полн е градот будали. Империја од лудаци! (заминува или летнува, сеедно)

**НЕ СУМ ЛЕТАЛ ОСУМ ВЕКА**

Отец Евтихие длаби во каменот. Хорот - фреска мрмори некаква неразбирлива песна: "крст преблагосвештеми, крст недостојнии, крст превисоки, ти ме заступи отсеки, ти пријазни поможи ми господи, исцели рабу Божиииииииииииј" Јоне Гавранот треснува на земји - преплачен, задишан, се влечи.

**ЈОНЕ:**

Признавам! Признаваааааам! Го убив на сон грчкиот владика. Зедов пет гроша! Евтино? Не! Немој! За лебец, едра ѕвездо, за лебец! Од нешто мора да се живее. Пет гроша! (се навалува на ѕидот, преплашен, збивта) Пет гроша. . . (гледа негде високо во небото; го погледнува Евтихие, но мака му е што Евтихие се прави дека не го забележува) Добар сум, а? Ќе правиме театро! Ќе се нареди народот а ние ќе ги лажиме. За пари! Еден грош, една лага! (Евтихие длаби, не му обрнува внимание) Слушај, ваму! Ќе наредам највисоката ѕвезда да те удри по тилот! Ќе ѕуниш како камбана! Јас сум Јоне - гаврановооот! Јас сум главен во градското театро! Како ќе изгледам вака, наопаку? А? Камбано!

**ЕВТИХИЕ:**

Исто. Ист сурат, ист памет. Само наопаку.

**ЈОНЕ:**

Режни две слова за мене!

**ЕВТИХИЕ:**

Ќе режнам, кога ќе ти дојде редот.

**ЈОНЕ:**

Камбано! Слушај, ваму! Дојден ми е редот; ме бива. И султанот вели дека ме бива!

**ЕВТИХИЕ:**

(Запира)

**ЈОНЕ:**

Знам кој го украде крстот од Свети Наум! А? Ееееее! Прво режни. Режни, режни, па ќе ти кажам! Стар сум десет века, камбано. Вистината ја читам од ѕвездите. (грачи) Имам малку проблем со грлото. А и гладен сум. (кашла) Не сум летал осум века. (мафта) Зини да ти кажам! Крстот е украден од крадци (грачи, односно се смее ) Слушај, ваму! Страшно ќе го лажеме народот! Ќе правиме театро! Мора да дојдеш!

**ЕВТИХИЕ:**

(Продолжува да длаби)

**ЈОНЕ:**

Господе, поправи ме, ил´ земи ме при себе, да не жали татко ми оти ме има. . . (грачи) Узна Гаго че че умре, та си легна он нас´лзен... Мајката! Сум заборавил да летам! Слушај, ваму! Му ги украдов сите стихови на Прличе! (се смее грачејќи) Ги учам наизус, и му ги продавам на владиката, на гладно срце! И султанот вели дека ме бива! Ти непара го сакаш владиката? А? Камбано!

Доаѓа Темјана Ризова. Јоне кога ќе ја здогледа ќе се залепи за ѕидот, ќе се притаи, ќе стане фреска.

**ТЕМЈАНА:**

(Застанува до Евтихие. Тишина.) Владиката ќе дојде за ручек!

**ЕВТИХИЕ:**

Добив писмо.

**ТЕМЈАНА:**

Со јагнешко пие само бело вино. Трпезата поставете ја под крушата. (остро се свртува и заминува)

**ЈОНЕ:**

Узна Гаго че че умре, та си легна он нас́лзен. Како легна, така пукна. Оче, Ефтихие, бе, режни нешто и за мене, нека се знае. Многу убави предавства имам направено за овој народ. Режни нешто, нека се  знае, нека остане за поколенијата! И јас имам заслуги. И султанот вели дека ме бива! Режни, оче! Режни, оти ќе ти ја режнам главата ! Сакам да бидам историска личност, и готово! Сакам никој да нема над мене!

**ЕВТИХИЕ:**

Господ е над нас, Јоне!

**ЈОНЕ:**

Господ може да ми се фати за...  И султанот вели дека ме бива! За што може да ми се фати, оче?

**ЕВТИХИЕ:**

За умот, Јоне! Само не знам дали Ќе знаеШ, оти тоа Што не постои, не се фаЌа. . .

**ЈОНЕ:**

Оф, леле! Оф, леле, леле, леле! Да не ми требаше жив! А-а, да не ми требаше жив! (се влечи, влегува во Хорот)

**ХОРОТ:**

Валдаринара апсицуланти папасоти чеш´ечен еризаре сарисабурус карамура симендинидис таратурметур кундуес ајаси... Ручек за Владиката!

## КЛЕТВА НЕ ГИ СТИГНУВА, КРСТ НЕ ГИ ПЛАШИ

Ручекот на Владиката (I). Се пие вино. Се молчи. Трепезата е полна со јадења. Крај долгата маса седат Владиката, отец Евтихие и Темјана Ризова. Темјана - која на главата носи убава шапка, битна за нашата приказна, седи на далечниот крај и чепка нешто околу фустанот. Владиката со поткашлување ѝ дава знак да го подигне фустанот за да ѝ ја види ногата. Тишина. Пие. Таа игра се повторува неколку пати.

**ВЛАДИКАТА I:**

Голема горешчина, лујѓе! Водана што е вода у езероно врие. А му реков на терзијата да пушти малку мастрав, да не штеди! Нема место за воздух. Ох, ох, ох, ми се залепи мантијава за грбот. Убаво јагненце, попе!

**ЕВТИХИЕ:**

Јас сум монах. . .

**ВЛАДИКАТА I:**

Виното е мелем, оче. Ми ја гали душата и така полека ми жуборка во нозете. Ох, ох, ох... ме крева од столчето! (гледа во ногата на Темјана која продолжува да ја игра својата еротска игра со фустанот)

**МАРИЈА:**

(Донесува чинија со овошје. Евтихие ѝ дава дискретен знак да замине)

**ВЛАДИКАТА I:**

Нова?

**ЕВТИХИЕ:**

Дојде лани.

**ВЛАДИКАТА I:**

Млада.

**ЕВТИХИЕ:**

Качаци ѝ го убија свршеникот. Но, за неа, кутрата, тој е уште жив. Ноќе оди на гробишта, разговара со сенките.

**ВЛАДИКАТА I:**

Ох, ох, ох, Темјано, криј се потсенка, Темјано! Ќе те крене сонцето како роса. Бегај потсенка, Темјано!

**ТЕМЈАНА:**

(Се приближува со столчето, јадејќи на еротски начин грозје од грозд што го држи за дршката)

**ВЛАДИКАТА I:**

Прекрши денот, а жегата не стивнува. Ќе изгори земјата. Ќе ми испарат луѓето пред да ги освестам; пред да знаат кој сé, што сé . . .  А? Ох, ох, ох...  А, Темјано, Темјано! (се смее)

**ТЕМЈАНА:**

(Се кикоти, зобејќи од гроздот)

**ВЛАДИКАТА I:**

Јазичето ти е како на змијче! Кој не те знае, скапо Ќе те плати. . .

**ТЕМЈАНА:**

Пробајте, многу е слатко, без семки!

**ВЛАДИКАТА I:**

Нема место, мори Темјано, нема! Уф, уф, уф - ми се залепи мантијата, оооо! А му реков да остави место, да попушти. . .

**ТЕМЈАНА:**

(Скокнува) Леле!

**ВЛАДИКАТА I:**

(Ја фаќа за ногата) Мравки, ништо. Бог е голем. Ништо. Бараат сенка. Ништо. Црвените се многу опасни! Се пикаат поткожа! Овие не; овие само си лазат, вака, вака, и ништо. . . Е, Темјано, Темјано, темницо недопената!

**ТЕМЈАНА:**

(Седнува, и пак си игра со зрнцата грозја)

**ВЛАДИКАТА I:**

А-а, ќе го карам терзијата! А, бре, ич не оставил место за воздух, и за други работи! Оче Евтихие, не те прашав како го крепиш манастирот?

**ЕВТИХИЕ:**

Многу качаци се накотија, владико. Клетва не ги стигнува, крст не ги плаши. Нема кој да не брани.

**ВЛАДИКАТА I:**

Ќе најдеме чаре! Има чаре. (пие) Ама уште не си научил грчки, оче Евтихие. Ќе те карам, оче Евтихие! Не бива така. Требаше досега да научиш. . .

**ЕВТИХИЕ:**

Учам, владико, ама брзо заборавам.

**ВЛАДИКАТА I:**

Запни, бистар си. Варварите научија, станаа Грци, а ти писмен, а пак не писмен. Оооо, Темјано, мори. Без тебе ни пците со маст не ме јадат... Мравките, ги нема, а? Се пикнаа во длабокото... Паракало диксте му! Зести, зести! Јети гелате? (кон Евтихие) Многу сум среќен, оче Евтихие, што го збришавме она лаење, оној варварски јазик, она грачење! Сега е за мерак; сите сега... лего по грчки! Темјано, нека ја спрегнат кочијата!

**ТЕМЈАНА:**

Не, кирие!

**ЕВТИХИЕ:**

(го поместува столчето, бара сенка) Ни изгоре крушава! Сите сенки летнаа в небо! Само небото ни е сенка.

**ВЛАДИКАТА I:**

И во Атина сега пука небото. Исто небо, исто сонце. (му наздравува на Евтихие) За нашата древна црква; за нашиот древен народ! Ај, боже спдможи!

**ТЕМЈАНА:**

(се држи за стомакот) Ме пони и килиа.

**ВЛАДИКАТА I:**

Ехете тус мартирас? (се смешка; ја чукнува скришум Темјана по задникот; таа заминува; Владиката I ја испива чашата) Амин!

**ЕВТИХИЕ:**

(Се прекрстува, му бакнува рака, му ја зема чашата)

**ВЛАДИКАТА I:**

(Тишина) Победил некој одовде, тукашен, на поетскиот конкурс во Атина. Добил Ловоров венец!

(Од небото пред нив паѓа гавран, се прпелка, не може да лета; двајцата се прекрстуваат)

**ЕВТИХИЕ:**

Да видам, да не верувам!

**ПРЛИЧЕВ ВО АТИНА**

Свечен салон; сега. Хорот ги кажува првите стихови од "О, Арматолос" на грчки. На краевите од Хорот двајца држат грчки знамиња. Наздравуваат

Рангавис, Караманлис и Прличев. На мала масичка пред Хорот стои Ловоровиот венец. Интересно е однесувањето на кусиот поет Караманлис, кој додека трае церемонијата и химната, некако синхронизирано се подигнува на прсти и често ја подигнува главата и гледа во некоја неодредена точка на таванот - веројатно смислува стихови.

**РАНГАВИС:**

Можете ли да кажете напамет неколку стиха од вашата поема... "О, Арматолос"?

**КАРАМАНЛИС:**

Можеш ли да кажеш напамет неколку стиха од твојата поема "О, Арматолос"!

**ПРЛИЧЕВ:**

Сите! Ако сакате.

**КАРАМАНЛИС:**

Сакаме!

**РАНГАВИС:**

Повелете.

**ПРЛИЧЕВ:**

"Врз месото како брзокрили јастреби, ние се нафрливме гладни. Штом некој од жедност ќе посака вода да пие - служеа децата страдни..."

**РАНГАВИС:**

Доволно.

**КАРАМАНЛИС:**

Доста!

**ПРЛИЧЕВ:**

Но, со тоа не можете да се уверите дека стихотворението е навистина мое. Јас и туѓи стихотворенија знам напамет!

**КАРАМАНЛИС:**

(Нервозно) Господине Рангавис, јас навистина воопшто не сум убеден дека овој овде знае да пишува стихови. (божем дискретно) Смрди на лој!

**ПРЛИЧЕВ:**

Дајте ми тема каква што сакате, и за неа ќе сложам неколку стиха...

**КАРАМАНЛИС:**

Како ти е името, имаш ли име?

**РАНГАВИС:**

Караманлис, донеси го венецот!

**ПРЛИЧЕВ:**

Мислам дека сето ова сé уште е само сон! (Чашата му е празна, веднаш доаѓа послужителот и му дава нова чаша) Вие рековте дека од изговорот на само еден збор, можете да го познаете секого дали е Елин. Јас ни зборот Елин не можам да ги изговорам како вие што го изговарате. . .

**КАРАМАНЛИС:**

(Ја чита ленатата ) Григорис Ставридис Прличис. . .

**ПРЛИЧЕВ:**

Прличев!

**КАРАМАНЛИС:**

Во дворот те чека некој пријател! (кон Рангавис) Сакал да влезе ненајавен. Кучињата можеле да го растргнат како крпа. О, боже, варварите навистина не знаат што е култура!

**РАНГАВИС:**

Вие ја посветивте половината од наградата за какво и да е благочестиво дело?

**КАРАМАНЛИС:**

Ти ја посвети...

**РАНГАВИС:**

(Го прекинува со поглед, му наздравува на Прличев) Сакате ли да ве пратиме во Оксфорд или во Берлин? Ќе студирате на државна сметка!

**КАРАМАНЛИС:**

(Изненаден, наместо на Прличев му зборува на Рангавис) Сакаш ли да те пратиме во Оксфорд или во Берлин? Ќе студираш на државна сметка!

**ПРЛИЧЕВ:**

Нужда велика е да идам дома.. .

**КАРАМАНЛИС:**

Па, иди! Иди да не те гладам! .

**ПРЛИЧЕВ:**

Извинете, не можам да те видам од прашината. Подигнете се напрсти!

**РАНГАВИС:**

Ставридис! Оксфорд или Берлин!  Размислете.

**ПРЛИЧЕВ:**

Размислив! (излегува)

**РАНГАВИС:**

Ставридис! Го заборавивте венецот!

Еден миг се слуша само мафтањето со знамињата.

**КАРАМАНЛИС:**

Ставридис! Ќе ти го расплачам мамичето ако те фатам во темница!

Мојата поема е подобра.

**РАНГАВИС:**

Пушти ги кучињата!

## НЕ ТРЕБАШЕ ДА БЕРИМЕ ЧАЈ

Во резиденцијата на Владиката I. Лаат кучиња. Љубовна сцена на Владиката I и Темјана Ризова, неговата љубовница.

**ВЛАДИКАТА I:**

(Се прекстува) Боже прости ми, згрешив! (ги крева панталоните) Е,Темјано, Темјано, каде ќе ми беше крајот без тебе во оваа пустелија! Ќе умрев на грб како бумбар! (се обидува да се закопча) Му реков на терзијата да пушти малку возудх, а тој пак исто! Треба да најдам друг.

**ТЕМЈАНА:**

Тој е најдобар. (се врти да и го закопча фустанот; тишина) Ќе имаме дете!

**ВЛАДИКАТА I:**

(Си поплукува во пазувата)  Какво дете, пуста Темјано?

**ТЕМЈАНА:**

Убаво, владико! Убаво и умно како тебе! (му ја бакнува раката)

**ВЛАДИКАТА I:**

(Се крсти) Како, мори, Темјано; зошто, мори, Темјано; ами бивало ли така, мори Темјано, плукни залепи, мори Темјано. . . Амин! Рече дека пиеш семе од бозел ... Кога?

**ТЕМЈАНА:**

Кога бевме во манастирот. Кога се симнавме да бериме чај, кога ...

**ВЛАДИКАТА I:**

Тогаш само те галев...

**ТЕМЈАНА:**

Ме галеше... ама ги бараше и мравки... одблизу...

**ВЛАДИКАТА I:**

Сум те галел одблизу? Ами чаре?

**ТЕМЈАНА:**

Никој нема да знае дека е твое, владико!

**ВЛАДИКАТА I:**

Ами чие да биде, мори Темјано?

**ТЕМЈАНА:**

Мое...

**ВЛАДИКАТА I:**

Твое, ама ти не си кајсија, па ... Мислиш никој не знае дека не доаѓаш само за готвење и метење?

**ТЕМЈАНА:**

Ќе му најдам јас татко, владико!

**ВЛАДИКАТА I:**

Како!?

**ТЕМЈАНА:**

Има полно несреќни луѓе во градот.

**ВЛАДИКАТА I:**

Греота е, треба да лажеш? Ти не си Марија, па да забремениш од ветар...

**ТЕМЈАНА:**

Има еден... Ни тој не е Јосиф ...

**ВЛАДИКАТА I:**

Туф, туф, туф! Не требаше да бериме чај! (слуша) Некој доаѓа!

**ТЕМЈАНА:**

(Ја става шапката)

**ВЛАДИКАТА I:**

(Се оддалечува и вика:) Ти реков, Темјано, да не ги фаќаш книгите! Ти реков! И не ти е првпат! Каде е сега Светото Евангелие? Светото евангелие, Темјано! Беше ковано со сребро! Каде е певницата? Каде е псалтирот? Каде е пространото житие на Свети Климент...?

**ЈОНЕ:**

(Влегува со мрежичка риби) Јас можам да почекам; јас ќе почекам...

**ВЛАДИКАТА I:**

Влези!

**ЈОНЕ:**

Дедо дебел владико, денес имав многу среќа! Гледај! Фатив едно чудо пастрмки!

**ВЛАДИКАТА I:**

(Се прекрстува) Темјана ќе направи убав ручек! (остро кон Темјана) Да ги најдеш книгите! Каде ти е умот? Ќе те карам, Темјано! Многу ќе те карам!

**ТЕМЈАНА:**

(Ја зема мрежичката, излегува)

**ВЛАДИКАТА I**

(Кон Темјана) И чајот денеска не беше добар! Пелин! (кон Јоне) Што има ново?

**ЈОНЕ:**

(Не може да се сети) Падна гром на чинарот!

**ВЛАДИКАТА I:**

Друго?

**ЈОНЕ:**

Сите вредни икони се спакувани. Утре може да се префрлат преку планина. Имам мои луѓе.

**ВЛАДИКАТА I:**

Прво да се провери планината.

**ЈОНЕ:**

А,Темјана, знае ли?

**ВЛАДИКАТА I:**

Темјана многу... те сака.

**ЈОНЕ:**

Мене, Темјана. . . Може. И султанот вели дека ме бива. . .

**ВЛАДИКАТА I:**

Секој ден, кога ја чисти прашината, ми зборува за тебе. Прашината лета, и умот и лета; ќе се занесее; ќе те замисли, ваков убав, личен, како петел бричен, и не знае каде ги остава книгите. Јоне, бери ум! Ти си крив за се́. Жената те сака. Среќа што ги имам препишано апокрифните евангелија. .

**ЈОНЕ:**

А таа... знае ли дека ме сака?

**ВЛАДИКАТА I:**

Уште прашуваш ! Таа е најубавата жена во градот!

**ЈОНЕ:**

Таа е многу убава, ама јас многу грд.

**ВЛАДИКАТА I:**

Пар сте!

**ЈОНЕ:**

Таа знае убаво да зборува, јас грачам како гавран...

**ВЛАДИКАТА I:**

Жените мора да се убави. Ако беа грди, можеа да бидат и мажи. (се прекрстува)

**JOHE:**

И ушите ми се малку големи.

**ВЛАДИКАТА I:**

Остави ги сега ушите! Иконите нека тргнат. Само прво да се провери планината. (тргнува)

**JOHE:**

Која планина? (се сепнува) Е!

**ВЛАДИКАТА I:**

Што?!

**JOHE:**

Ѓаволска работа! Имам сенка меѓу нозете. (се врти гледајќи во сенката)

**ВЛАДИКАТА I:**

Јас ништо не знам. Јас сум невин! (излегува)

## НАЈУБАВА ЗЕМЈА ЗА ГРОБОВИ

Некоја македонска планина. Ноќни птици. Месечина. На малата ширинка доаѓаат Дончо и Прличев. "Се гледа како ден".

**ПРЛИЧЕВ:**

Не се слушаат кучињата.

**ДОНЧО:**

Ја изгубија дирата кај реката. Малку фалеше, ќе не раскинеа.

**ПРЛИЧЕВ:**

Најдобро е ноќва да останеме овде.

**ДОНЧО:**

Имам стока во Лерин. (се поздравува) Гледај ја месечината! Каде таа, таму и ти; нема да згрешиш . . .

**ПРЛИЧЕВ:**

Дончо. . !

**ДОНЧО:**

Што?

**ПРЛИЧЕВ:**

Го заборавив венецот во Атина . . .

**ДОНЧО:**

Што ќе ти е?

**ПРЛИЧЕВ:**

Кузман нема да ми верува . . .

**ДОНЧО:**

Јас ти верувам... Маде од видра! (се смее; тргнува, но застанува) Заборавив да ти кажам. Димитар и Константин Миладинови, умреле во Цариградскиот затвор. Разбрав дека се отруени. (заминува)

**ПРЛИЧЕВ:**

(Останува без збор. Седнува на куферот; го отвора чадорот)

Од темнината тивко како сенка доаѓа Хомер. Григор го зема куферот.

**ХОМЕР:**

Душата ти е скрбна за твојата тажна судба. (гледа во месечната) Со рибите легни си, без страв ќе ти ја лижат крвта. Мајка ти не ќе те положи в одар да истажи таа скрбна. На површината водна по некоја риба низ бранот ќ́изрипа горе, за да може сонцето да слезе во твоите очи...

**ПРЛИЧЕВ:**

Застанете! Ќе ве прободам со чадоров!

**ХОМЕР:**

Стоиш на благи билки, Григоре. Секоја билка има душа. А ти ги газиш. . .

**ПРЛИЧЕВ:**

Не можам да ви го видам лицето!

**ХОМЕР:**

Немам лице.

**ПРЛИЧЕВ:**

А зборуваш како човек . . .

**ХОМЕР:**

Бев човек! Чувај ја кревката кожа; утре ќе те облечат во камена риза. Ќе чекаш ветровите да ти ги симнат птиците од главата. Славата не е за смртните. Каков ли дар ќе ти даде твојот кутар народ, скуден и злобен, преславен сине? Ќе бегаш од својата слава како што бегам јас. Троја не се бара таму каде што ја измислив, Григоре!

**ПРЛИЧЕВ:**

Хомер?! Каква скрб ве нашла; зошто ноќе шетате по планините?

**ХОМЕР:**

Ти си уште млад. Еден ден се ќе ти биде јасно. (го крие лицето-маска од месечината) Животот е плашлива голапка дива. Ако ја галиш, ќе умре од страв; ако не ја галиш, ќе умре од тага... Славата не е за смртните.

**ПРЛИЧЕВ:**

Каде, Хомере? Назад се кучињата!

**ХОМЕР:**

Се враќам во мојата грутчеста земја. Пролетта ја чекам во мојата измислена Троја. Долго традаме, еден на друг тешки болки чинејќи. . .

**ЈОНЕ:**

(Претрчува со два фенери во рацете; дава знаци како свртничар; неколкумина шверцери носат икони и други работи; тишина)

**ХОМЕР:**

Имате убава земја. Најубава земја за гробови. (се губи влегувајќи во зракот на месечината)

**ПРЛИЧЕВ:**

(Вртејќи се со чадорот и куферот, како да го бара) Аксиј нашата земја со красните води ја кваси! (се губи во темнината)

**ЈОНЕ:**

(Се враќа. Со фенерот дава некакви знаци; одеднаш се "кара" со фенерот) Реков да не се вртиш по мене! Ми го сечиш летот. Ќе удрам

главечки во некое дрво. Тргај се! Бегај! (одеднаш едниот, а потоа и другиот фенер тргнува, се дигнува, свртува околу него, се подигнува и паѓа. Темнина.)

## НЕЈЗИНИТЕ СИНИ ОЧИЊА ПЛИВААТ ВО ВОДАТА

Утро на чардакот во резиденцијата на владиката. Владиката гласно се смеее. Кога снемува воздух, зборува вдишувајќи. Пред него стои Марија.

**МАРИЈА:**

Кога падна од крушата.

**ВЛАДИКАТА I:**

Мислевме дека е мртов.

**ВЛАДИКАТА I:**

Сега воопшто не може да ја врти главата? А? Никако?

Се врти целиот, како мечка! А? (се смее)

**МАРИЈА:**

Слабо слуша.

**ВЛАДИКАТА I:**

Што се слуша?

**МАРИЈА:**

Дојдов да ве замолам, дедо Владико да пуштите доктур во манастирот.

**ВЛАДИКАТА I:**

Кутриот Евтихие! Како ќе живее без врат?

**МАРИЈА:**

Пет дена ништо не јаде.

**ВЛАДИКАТА I:**

Ако, малку ќе ослабне! Тоа е здраво. (се смее) Ќе пуштам доктур, ама кој ќе плати? Нашата каса е празна. Се врти како мечка, а? (се смее) Незнам каков доктур да му пуштам?

**МАРИЈА:**

Вие треба само да му кажете на господин Робев!

**ВЛАДИКАТА I:**

Добро, душо. Кроце, кроце. Е, Евтихие, Евтихие... лакома мечко! (се смее, и покажува на Марија да му го подаде бастунот)

**МАРИЈА:**

(Му бакнува рака) Сполај ти, дедо владико!

**ВЛАДИКАТА I:**

Господ на помош! Кроце кога слегуваш по скалите! Гнили се.

**МАРИЈА:**

(Му стиснува некакви пари)

**ВЛАДИКАТА I:**

Ако има век, ќе има и лек!

**МАРИЈА:**

(Излегува)

**ЈОНЕ:**

(Влегува. Се крсти) Што несреќа ја донесе? Плаче и слегува.

**ВЛАДИКАТА I:**

Паднал отец Евтихие - го скршил вратот! Господ гледа! Не сака да научи грчки.

**ЈОНЕ:**

Работата е завршена! Тринаесет икони од Свети Наум пренесовме на сигурно, под суво. Значи - готово. Крстилница од сребро, четири протоколи за запишување на родени, венчани, умрени, исписани...

**ВЛАДИКАТА I:**

Ќе те обесам гол на порта! Што ќе ми се умрени, исписани!

**ЈОНЕ:**

(Да ја покрие грешката. Рецитира.) Свети крст од тронот - сребрен, свето Евангелие, ковано со сребро, црковни книги - 30 парчиња плус една, за богослужба. Камбана една, голема. Полилеи пет од кристал, се прелива, пее. Десет оки свеќи...

**ВЛАДИКАТА I:**

Свеќи?! Стој!

**ЈОНЕ:**

Чесна трпеза однесена со воловска кола, осум рала чорапи, волнени, со врвци...

**ВЛАДИКАТА I:**

Ќе те врзам вудве и ќе те врла в езеро! Во најдлабокото!

**ЈОНЕ:**

Не знам да пливам!

**ВЛАДИКАТА I:**

Ти беше даден список!

**ЈОНЕ:**

(Потврдува со главата) Сто вапцани јајца, црвени, две дрвени, шарени. Два петла бандера, со кикерески, скокачи...

**ВЛАДИКАТА I:**

(Удира со бастунот) Доста!

**ЈОНЕ:**

(Подолжува по инерција, исплашен, само го подигнува тонот) Столици 120, дрвени, фарбани, за луѓе, за седење. Шеесет стомни, со дулчиња и без дулчиња...

**ВЛАДИКАТА I:**

(Се залепува до него, го удира со стомакот) Даскалот? (стојат лице в лице)

**ЈОНЕ:**

Го збира народот ноќе! Палат свеќи. Тој зборува, тие трепкаат, свеќите горат, горат - гаснат...

**ВЛАДИКАТА I:**

Што зборува?

**ЈОНЕ:**

Ништо не се гледа!

**ВЛАДИКАТА I:**

(Му тутунува некакви пари во рацете) Господ не ги сака оние што хулат! (се оддалечува) Работата е јасна! Ние овде, тие таму! (гледа во езерото) Во Свети Наум нема траги?

**ЈОНЕ:**

Слеговме по карпите.

**ВЛАДИКАТА I:**

Езерото го покрија далги. Како го врвите животот со Темјана?

**ЈОНЕ:**

Сполај му на бога, добро! Ме сака!

**ВЛАДИКАТА I:**

Бог е милостив. Ние сме ништо без неговата милост. Малечката?

**ЈОНЕ:**

Порасна! Со Темјана шетаат крај езеро, сетне со часови ми кажува за рипчињата, за нејзините сини очи што пливаат во водата.

**ВЛАДИКАТА I:**

(Неколкупати го префрлува бастумот од едната во другата рака)

**ЈОНЕ:**

Вчера се стрча задишана од порта, и вели - "Тате, моите очи заминаа во Свети Наум!" Ја зедов за раче и до зајдисонце ги чекавме назад со далгите. Сака да измислува чудесии!

**ВЛАДИКАТА I:**

Како ја крстивте?

**ЈОНЕ:**

Елена!

**ВЛАДИКАТА I:**

Бог нека ја благослови. (пауза) Сонцето го покрија облаци. Може ќе заврне. Галебите летаат ниско.

**JОНЕ:**

(Гледа во небото) Ништо не им може ветрот.

**ВЛАДИКАТА I:**

Кажи му на клисарот нека ја затвори портата. Влегуваат кучиња во дворот.

**JОНЕ:**

(Тргнува. Се сетува) Дедо владико, вечер ќе има театро.

**ВЛАДИКАТА I:**

Заборавив.

**JОНЕ:**

Дојдете!

**ВЛАДИКАТА I:**

Спрегни ја кочијата и однесу го доктур Робев во манастирот. Кутриот Евтихие! Пренеси му благослов од мене! (се прекрстува) Полека по скалите! Гнили се! Кажи му да научи грчки! Само така може да ја спаси душата!

## ГЛЕДАЈ ЈА МЕСЕЧИНАТА ДУРИ УМИРАШ

Луѓето од Хорот облечени како калуѓери стојат со наведени глави во полукруг. Пред нив - импровизирана сцена. Двајца со маски на очите се мечуваат. Меѓу нив од земјата избива светлост. Оној што носи бела маска и бело кече на главата, држи јатаган во устата. Артистот со црвена маска, замавнува со сабјата и го убива оној со белата маска. Артистот со белата маска го пушта јатаганот од устата и паѓа.

**ЦРВЕНИОТ:**

(Стои победнички над него) Така дрвар лесно сече в гора гранка здрава од дабот толку силен, стар... Ова ти е крај! Гледај ја месечината дури умираш! (се свртува и еден миг победнички го гледа крвавиот меч на месечината)

**БЕЛИОТ:**

(Влечејќи се во павта, го дофаќа својот меч и му го зарива на Црвениот во слабината)

**ЦРВЕНИОТ:**

(Со болка, се свртува) Махмуд! Ти си курва! (паѓа)

**БЕЛИОТ:**

Јас сум... жив... (се довлекува до Црвениот и умира)

Театрото завршува. Артистите стануваат и влегуваат во Хорот. Ги вадат маските. Црвениот е Јоне Гавранот. Сите во Хорот ги подигнуваат лицата - немаат очи. Потем сите одеднаш, како под команда, ги свртуваат главите в десно.

## ВЕТРОТ ГО НОСИ СЕКОЈ ЗДИВ

Во Хорот се гасат свеќите. Кога ќе се осветли сцената, сите одеднаш ќе ги свртат главите в лево.

**ХОРОТ:**

Да. Така беше тоа. Девојката, пак, тажна дома во својата соба сама е. По либе таа тажи... Чија ли е таа мома? (се пали некаква свеќа назад во Хорот) Што да се прави во оваа глува ноќ, каде да се тргне, брате Григоре?

**ПРЛИЧЕВ:**

Гледајте ја судбината в очи! (ги свртуват лицата напред) Во дождливо време си излегол по високи места со чадор, та ровјата си ја повабил по џелезо и те отепала - кој ти е кабаетлија?

**ХОРОТ:**

Изнајдоа барути и туфеѕи, и топој, за поколај да се бијат меѓу себе! Арслан со арслан, коњ со коњ, орел со орел не се тепа - само луѓе се тепаат едни со други! Не ги збира земјата! Повеќе земја - повеќе место за гробови!

**ПРЛИЧЕВ:**

За ниедна животинка нема толку болести, колку што има за човекот. Кога господ вели: чувај се! - тој вели многу повеќе чувај ја татковината! Чуму ти е разумот, кога господ вели чувај си ја татковината и сакај ја неа повеќе од сé - а ти ја продаваш за ништо, за едно кафе. Владиката на луѓето им зема 500 гроша за свадба, ги однесе најубавите икони, а ние се молиме, му бакнуваме рака. (гаси свеќата во Хорот повторно се пали) Ако не

поздрави на улица владиката се радуваме. Скокаме како деца! Чуму ти е таков разум! Кое добро сторил тој откога е владика? Кажете! Кај поможил тој на сиромаси? Целиот град трча по него, сите станавме од Грци погрци, си ја продадовме душата! За една визита ќе му ја продадеме татковината!

**ХОРОТ:**

Кусурот наш најголем е оту сме многу прости, Григоре!

**ПРЛИЧЕВ:**

Да не бевме прости, не ќе честевме повеќе владика од господ!

Се вртиме по владиката како ветрушки. Колку човек да е нечесен, татковината пак треба да му е најмила. Човек без татковина е како глуварче - ветрот го носи, а земја нема каде да се фати. Ќе се исуши закачено на трн. Татко имаме еден, а татковината е многу татковци. Мајка имаме една, а татковината е многу мајки. Браќа имаме пет или десет, а татковината е неброени браќа! Еден човек што не си ја милува татковината повеќе од татка, од мајка, повеќе од себеси - тој не може да биде чесен човек! Тој не е чесен човек! Тој секогаш е готов да ти го зарие ножот в грб!

**ХОРОТ:**

Каде се наоѓа меѓу нас муабетот што го имаат Турци или Арнаути меѓу себе. Се крепат еден со друг, сите како браќа. Ние самите очи ќе си извадиме. Ние не се сакаме меѓу себе, затоа не ја сакаме и татковината! Ние на владиката ќе му ја продадеме и фамилијата и татковината! Поган народ сме, Григоре! Поган! Гнасен!

**ПРЛИЧЕВ:**

Немој, така! Многу сме мамени, луѓе! Многу сме мамени. Треба да имаме повеќе разум. Умираме како сенки. Никој не остава име и слава. Никој не остава корен. Сетне не можеме да речиме оти сме луѓе, не можеме да речиме оти сме живи!

**ХОРОТ:**

Ние уште за живот сме мртви!

**ПРЛИЧЕВ:**

Ќе ми дозволите ли да одам во Цариград да се поучам на словенски?

Од Хорот излегува Јоне Гавранот. Ја гаси свеќата.

**ЈОНЕ:**

Денеска добро не се прекрстил! (заминува. од темнината се слуша неговото грачење, кикотење. Хорот летнува)

**ПРЛИЧЕВ:**

Ќе се вратам.

**БЕСНИ ЛУЃЕ СПИЈАТ ВО СЕНКИТЕ**

Кај стариот манастир. Отец Евтехие со шинат врат, оди целиот здрвен. Пренесува некакви плочи и камења. Марија доаѓа, вртејќи се назад, уморена.

**МАРИЈА:**

Оче Евтехие, во долните ниви го видов Кузмана. Коњот лебдеше над темјанушките. Гривата како ситен дожд ги галеше грмушките. Леташе коњот по желба на силниот јавач.

**ЕВТИХИЕ:**

(седнува. длаби)

**МАРИЈА:**

Сам против арнаутска чета. Го тераше коњот ко молња, и без да го запре. Погледот ровја му беше. Во небото светеше оружје ледно. Со ноздри раширени држеше коњот во пена. Оче Евтихие - нашиот Кузман е близу!

**ЕВТИХИЕ:**

Близу е, ќерко, близу. Близу е дури сме близу ние.

**МАРИЈА:**

Ќе берам чај во планината.

**ЕВТИХИЕ:**

Бесни луѓе спијат во сенките. Ноќе крадат, дење продаваат. Не се наш народ, не можеш да се разбереш. Вчера ни украле теле.

**МАРИЈА:**

Кузман ќе се одмазди, оче Евтихие!

**ЕВТИХИЕ:**

Не оди сама, тоа ти велам!

Доаѓа Јоне Гавранот. Ја мерка Марија, застанат со рацете во џебовите.

**ЈОНЕ:**

Боже поможи!

**ЕВТИХИЕ:**

Што да поможи, и кому?

**ЈОНЕ:**

Дупиш, а?

**ЕВТИХИЕ:**

Кој не те знае, скапо ќе те плати. Сите те знаат. И тебе и сенката!

**ЈОНЕ:**

Не врти се како мечка! Гледај во очи кога напаѓаш.

**ЕВТИХИЕ:**

(Станува со чеканот в раце)

**ЈОНЕ:**

Доктурот стигна!

**ЕВТИХИЕ:**

Оздравев!

**МАРИЈА:**

Јас го викнав, оче Евтихие.

**ЕВТИХИЕ:**

(Го фрла чеканот) Не требало! Помина. (ги тресе панталоните. тргнува)

**ЈОНЕ:**

(Ја мерка Марија) На сите жени што носат црно - нозете им се страшно бели! (сака да ја погали) Да ти подарам оцет за твојата розова салата!

**МАРИЈА:**

(Потрчува и му помага на Евтихие)

**ЈОНЕ:**

За тебе би лежел, ако треба, сто години во апсана. Ќе биде убаво, и пак ќе бидеш невина! (тргнува) Имам сенка меѓу нозете! Гледај! (кон Евтихие) го затворија Прличе! (кон Марија) Гледај! Имам сенка меѓу нозете!

## НАУЧИ ГО ЈАЗИКОТ НА ЦАРСТВОТО!

Затворот во Дебар. Затвореници. Неколкумина вежбаат, склекови, потскокнувања и други вежби. Еден води љубов со некаква жена. Неколкумина од затворениците имаат синџири на нозете.

**ФИЛИП:**

(Од темнината) Прличе.

**ПРЛИЧЕВ:**

Кој си? Ништо не гледам!

**ФИЛИП:**

Ме фатија! Ми ги зедоа мадињата! Ми удрија сто стапа! (се појавува) Газот ми е ренде!

**ПРЛИЧЕВ:**

Филипе! Жив си?

**ФИЛИП:**

Бев малку мртов, но сега, сполај му на бога, мислам дека сум жив. А кој те насади, тебе, Прличе?

**ПРЛИЧЕВ:**

(Му дава знак да молчи) Има лоши уши, Филипе. И уште полоши усти.

**ДАУТ:**

(Завршува со жената, доаѓа до Филип) Пријателе, слободно!

**ФИЛИП:**

Ми тежат веригите!

**ДАУТ:**

Ти тежи газот! Ако сакаш, сврти се! Јас не бирам!

**ФИЛИП:**

(Го фаќа за гуша) Ќе те згазам! Мамичето ќе ти го ебам! Те пуштаат да шпионираш! Знам. Гнасо! Ако уште еднаш ми се доближиш, ќе ти ги начукам сите твои џамии в газ!

**ДАУТ:**

Ќе ти пијам море крвта твоја, џаурска! Свите бе, ќе кољам, гркчан ќе сечем! Од овде до небо, све че да биде наше, море!

**ФИЛИП:**

Небото - може! (го пушта) Се согласувам.

**ДАУТ:**

(Бесно мава на ѕидот, се свлекува, седнува, го удира кечето од земја, го става на главата, потоа го повторува истото, пцуе).

**ПРЛИЧЕВ:**

Цела ноќ ме грицкаат глувци по нозете!

**РАМИЗ:**

(Стражар во затворот. Влегува со долг, делкан стап. Стои, свирка и шара во прашината. Ја гледа жената што се тутка до ѕидот) Што да ти правам сега? Како да реагирам? Да те тепам или да те галам! Целиот уќумат е во болница! Ја разниша царската власт! Трипер! Не ме пули така ниску, мори чапјо! Нозете стиснати, опашот свиткан и да не те видам веќе! Не ме пули така! Т´ чивша нона!

**ДАУТ:**

Рамиз!

**РАМИЗ:**

Ео?

**ДАУТ:**

(Со главата му покажува кон Филип)

**РАМИЗ:**

(Ги прави истите движења со главата) Ц! Не ти верувам!

**ДАУТ:**

(Го тутка кечето, пак покажува со главата)

**РАМИЗ:**

Доста, бе! Сус! Прошли пут била сум код уќумат ради тебе! Мирно! (сите застануваат мирно) Македонија ќе биде цела и слободна! (пауза) на куковден! (се кикоти) Што мислиш ти, циган?

**ЦИГАНОТ:**

(Брзозборлест) Јас не сум циган. Јас сум чауш! Ако не знаете, прашајте... Може! Не сум јас за овде. Јас сум за Стамбол, за кај Султанот. Пријател ми е! (за затворениците) полни им се џебовите глувци. Ги јадат ноќе. Во темница. Цела ноќ крцкаат ковчиња. Може! Јас ги имам бањато жените на султанот! Вака! (го удира со стапот) Така. Фала.

**ЗАТВОРЕНИКОТ I:**

Сакам да ме ставите во катилите кај што нема вошки!

**РАМИЗ:**

Какви? Женски или машки! (кон Филип, циганот и Даут) Надвор! (излегуваат)

**ЗАТВОРЕНИКОТ I:**

Но без вошки - многу е досадно!

**ПРЛИЧЕВ:**

Зошто ја дигаш така ногата?

**ЗАТВОРЕНИКОТ I:**

Петнаест години носам пранги!

**ПРЛИЧЕВ:**

Сега немаш. Не можеш ли да ја постелеш како другата?

**ЗАТВОРЕНИКОТ I:**

Не можам.

**ПРЛИЧЕВ:**

Ногата е твоја. Можеш да ѝ повелаш.

**ЗАТВОРЕНИКОТ I:**

Не можам.

**ПРЛИЧЕВ:**

Мачат стари луѓе.

**ЗАТВОРЕНИКОТ I:**

Не сум стар! Мене времето не ми може ништо.

**ПРЛИЧЕВ:**

Зарем и од вас се плаши царството?

**ЗАТВОРЕНИКОТ I:**

Бев војвода! Народот ме предаде во Паралово! Со овој народ не може да успее ниедно востание! Лека ношт.

**РАМИЗ:**

(Влегува со фенер) Војводо! Војводо! Востание!

**ЗАТВОРЕНИКОТ I:**

Каде? Против кого? (излегува)

Негде високо, како нацртан на ѕидот, светнува лицето на старецот и неговата гусла. Свири и пее:

“Високо стоиш, ѕвездо ле, далеку гледаш!
Да не и виде, мојте два братја?”
Видов и видов момче, ле, кај Црно Море
кај Црно Море, момче, ле, на дробна песок
на дробна песок - сред силна војска

Сред силна војска, на стол седеа,

на стол седеа, книга пишеа,

книга пишеа, солзи ронеа

солзи ронеа, сокол ранеа

сокол ранеа и му зборвеа

на сестра книга да носиш

книга да носиш, хабер да земиш

Дали је пролет, или је есен

дали је есен, дали је зима...

(Старецот се закашлува. Потем завладува мртва тишина. Во сонот на Прличев доаѓа Неда)

**НЕДА:**

(Се насмевнува) Помниш ли кога паднав од муренката? Писна кога ме виде спрострена, чиниш мртва. Многу ми се уплаши, мило?

**ПРЛИЧЕВ:**

Никогаш во животот не сум бил толку тажен. Ќе умрев од тага.

**НЕДА:**

Мајка ја сеќаваше твојата болка, Григоре!

**ПРЛИЧЕВ:**

Ништо не можев да помогнам. Скокав како пиле.

**НЕДА:**

Ќе мине и ова премреже, синко. Ќе мине како што ми мина мене кога паднав од муренката, како што ти мина тебе ногата... (шепоти) Со пари те поткова владиката, со пари ќе куртулисаш. Денес и убијци со пари

куртулисуваат. Не бој се. Пред Свети Климента горат кандила. (се свртува) За чесните, милост има.

**ПРЛИЧЕВ:**

Каде мајко?

**НЕДА:**

Биди му јунак! Ако ли не бидеш, јас ќе умрам од тага. Не бој се! (се губи во темнината)

**РАМИЗ:**

(влегува со тресок, со фенер во раката) Доста! Прекинете! Забрането е ноќе да се зборува! Ако не ви се спие - цела ноќ ќе чешате коњи! (се врти со фенерот) У-у угурсус. Ц-ц-ц! Бре-бре-бре! Глушец ли беше или магаре? Ц-ц-ц! Си пасат! Се надуле како барабани! Лежи! Ноќе со ферман е забрането да се зборува. (нешто бара со стапот, влегува Затвореникот I, Рамиз излегува пцуејќи) Пауза. Тишина. Рамиз надвор пее некаква арнаутска песна.

**ЗАТВОРЕНИКОТ I:**

Даскале!

**ПРЛИЧЕВ:**

Да.

**ЗАТВОРЕНИКОТ I:**

Не спиеш?

**ПРЛИЧЕВ:**

Не.

**ЗАТВОРЕНИКОТ I:**

Филип не се врати?

**ПРЛИЧЕВ:**

Не се врати ни Даут.

**ЗАТВОРЕНИКОТ I:**

Може цела ноќ ќе ги чешаат коњите.

**ПРЛИЧЕВ:**

Може ги пуштиле.

**ЗАТВОРЕНИКОТ I:**

Почна да врне. Ми капе на носот.

**ПРЛИЧЕВ:**

Дождот ќе ја разбуди земјата.

Се слуша викање од надвор. Влегува Рамиз во шинел. Дува со носот, шмрка - настинал. Пцуе.

**РАМИЗ:**

Се убиле! Филип и Даут се убиле со греблите за чешање коњи. Коњите ги скинале оглавите. Т'чивша нона! Со заби си ги изеле ушите! Ќе ве носам да пулите мртовци без уши! (кон Затовреникот I) Стари!

**ЗАТВОРЕНИКОТ I:**

Војводо!

**РАМИЗ:**

Војводо, глувче! Беше таму кога ги чешаа коњите!

**ЦИГАНОТ:**

Бев!

**РАМИЗ:**

Ти да молчиш! Осуден си за лажење! (кон Затвореникот I) Што се случи!

**ЗАТВОРЕНИКОТ I:**

Коњите не сакаа да ги чешаат!

**РАМИЗ:**

(Го откопчува шинелот) Ќе те исчешам јас тебе, војводо! И ќе те исчешлам! Само да куртулисам! Ребро по ребро ќе те чешлам! На патец!

**ЗАТВОРЕНИКОТ I:**

Коњите не сакаа чешање... Потоа им ги сплетоа опашките.

**ЦИГАНОТ:**

Јас тогаш отидов у ќенеф!

**РАМИЗ:**

(Се слуша гргорење на вода што негде се вири) Шта е ова што кркори?

**ЗАТВОРЕНИКОТ I:**

Дождот им ги наполни дупките на глувците.

**РАМИЗ:**

Даскале, земај ги пљачките!

**ПРЛИЧЕВ:**

Сé е на мене.

**РАМИЗ:**

Земи си го и умот! Ако дојдеш уште еднаш - нема да излезеш! Мрш!

**ПРЛИЧЕВ:**

Може ли да го видам Филипа?

**РАМИЗ:**

Дасале, не терај ме да трепкам двапати!

**ПРЛИЧЕВ:**

Каде да се јавам?

**РАМИЗ:**

(иронично) Јави му се на новиот владика во Охрид! И не го заборавај ефенди Емин. Т'чивша нона! (кон Затвореникот I и кон Циганот) Вие - со мене!

**ЦИГАНОТ:**

(Потрчува пред Рамиз)

**РАМИЗ:**

Не прди, бе ајван! Врне ли? Т'чивша нона! (излегува)

## ЗНАМ ЗА ЕЛЕНА

Дожд. Јоне Гавранот накиснат до кожа. Косата му е залепена со челото. Чека. Доаѓа Темјана Ризова со чадор. Ја мести шапката. Молчат.

**ТЕМЈАНА:**

Кажи!

**ЈОНЕ:**

Владиката си замина. Кога те нема, кажи дека те нема.

**ТЕМЈАНА:**

Добро. Друго?

**ЈОНЕ:**

Елена плаче. Те баравме. Го свртевме езерото. Те нема.

**ТЕМЈАНА:**

Друго?

**ЈОНЕ:**

Дојде друг владика!

**ТЕМЈАНА:**

Рече дека имаш нешто важно за кажување!

**ЈОНЕ:**

Да. (гледа во небото, со рацете чека дожд)

**ТЕМЈАНА:**

Ќе ти се наполни устата вода.

**ЈОНЕ:**

Ќе купам кочија!

**ТЕМЈАНА:**

Купи.

**ЈОНЕ:**

Добро.

**ТЕМЈАНА:**

Заврши?

**ЈОНЕ:**

Ќе купам и коњ!

**ТЕМЈАНА:**

(Нервозно се свртува, сака да замине)

**ЈОНЕ:**

Да бегаме од овој град! Негде далеку. Во друга земја!

**ТЕМЈАНА:**

Бегај! (тргнува)

**ЈОНЕ:**

(Ја фаќа за рака) Те сакам!

**ТЕМЈАНА:**

Јас не те сакам. Пушти ме!

**ЈОНЕ:**

(Ја пушта) Животот сé ќе измени, Темјано. Љубовта е само време, спомени за младоста. Ќе го заборавиш.

**ТЕМЈАНА:**

Купи два коња. Треба што побрзо да побегнеш од твоите мувлосани спомени. (заминува)

**ЈОНЕ:**

Знам за Елена!

**ТЕМЈАНА:**

(Се свртува) Збогум! (заминува во темнината)

## СЕ УДАВИЛА НЕКОЈА ЖЕНА ВО ЕЗЕРОТО

Истата сцена како со грчкиот владика. Истата долга, дрвена трпеза, многу јадења, вино. Седи новиот, бугарски владика, а на местото каде што седеше Темјана сега седи Јоне Гавранот. Игуменот Евтихие стои до владиката.

**ВЛАДИКАТА II:**

Седи, Евтихие, седи! Не стој како да си врзан со брадата. Седи. Многу убаво се наручавме. Сполај ти!

**ЕВТИХИЕ:**

Сполај му на господа, владико!

**ВЛАДИКАТА II:**

Убаво си го средил манастирот. Варосано, чисто, мириса, ама писмото на фреските треба да се мени. Се да се напише на наш език, Евтихие. Добро, има време, се ќе се среди, јас само да те потсетам. Ако не тече - да капе!

**ЕВТИХИЕ:**

Какво е виното, владико?

**ВЛАДИКАТА II:**

Многу убаво, Евтихие. Стави во пајтонот еден бинлак за причеста. Јагнето беше како гурабија!

**ЕВТИХИЕ:**

Од две мајки цицаше, владико. Јадеше само мирисливи тревки.

**ВЛАДИКАТА II:**

Да научиш убаво да думаш, по правопис Евтихие. Наесен ќе дојдам овде со господин Патријархот наш.

**ЕВТИХИЕ:**

Сполај ви, дедо Владико!

**ВЛАДИКАТА II:**

Нигде нема ваква убавина. Планина а од двете страни езера. Под неа си ги менуваат водите. Мајка Б'лгарија е красива земја, најкрасива на света. Од Охрид до Черното Море. Красива земја, оче Евтихие! Од Охрид до Черното Море. Красива земја, оче Евтихие! Заблудени а наши луѓе што досега беа Грци, отсега па за месец-два треба да станат Б'лгари. Само убав збор и дикат, Евтихие. Лути камења - не мелат брашно.

Доаѓа Марија. Донесува чинија со овошје. Ја остава пред владиката му бакнува рака.

**ВЛАДИКАТА II:**

Седни, ќерко Маријо! Седни малку со нас! Греота е да се криеме од ова благородно, б’лгарко сонце. Земјата е на многу луѓе, а сонцето е наше. Господ ја создаде ноќта за инат на сонцето. Сетне, беше доцна за месечината. Што ќе ни се очите ако нема сонце?

**ЕВТИХИЕ:**

Кажи му на дедо владика што запиша вчера во малото манастирче!

**МАРИЈА:**

(Збунета, како ученичe)

Јуначко тело на Кузмана беше од рани длабоки шарено цело но сé уште бритка мавташе сабја. А кога секна животот негов глава тој спушти, од коњот се свлече.

**ВЛАДИКАТА II:**

Красно! Како срцето боли, така очите плачат. Но не давај во срцето да никнат јадови, ќерко. Бог те дарил со убавина што се множи, што лебди наоколу како узреано цвеќе.

**ЕВТИХИЕ:**

Донеси вино.

**ВЛАДИКАТА II:**

Каков ден! Кога доаѓавме со кочијата низ шумата, славеите слетуваа на коњите. Нигде тоа не сум го видел! Толку кротки птици! (пие и потпевнува)

Попу една, мене две
поп се срдит, а ја не
поп си фати патерица
ја си фатив секирица
Поп помавна, ја го удрив
поп побегна, ја се скрив
тука види кој е крив!

Будала владика, а (се смее) Еј, Јоне не дреми, Јоне! Сите облаци ни избегаа во Грција!

Али спиеш, али пиеш?
Ако спиеш - разбуди се,
ако пиеш - весели се.

**ЈОНЕ:**

Се веселам, владико!

**ВЛАДИКАТА II:**

Темјана ти ја нема три дена. Знам, знам! Ќе се врати! Напиј се трошка вино. Виното е божји дар. Од него бега тагата!

**ЈОНЕ:**

(се напива) Кога ја нема, треба да каже дека ја нема. Елена плаче.

**ВЛАДИКАТА II:**

Ќе ја најдеме, Јоне! Пушти ја душата. Спрегни ја кочијата! Евтихие, има ли качаци по планињево!

**ЕВТИХИЕ:**

Има владико. Пљачкаат и убиваат по селата. Секој ден излегуваат од дупките, со денови гледаат во сонцето. Од очите им капе крв. Два

манастири ни запалија, два ни урнаа. Многу лоши времиња дојдоа, владико.

**ВЛАДИКАТА II:**

Ќе се најдат луѓе што ќе им дојдат до ак, Евтихие. Имаме јунаци што ќе им го пресечат патот. Треба само да кажете! (станува и ги раширува рацете) Дувна ветре!

**ЕВТИХИЕ:**

Бог е голем, владико.

**ВЛАДИКАТА II:**

Речиси колку мене! (се смее)

(заминуваат)

**МАРИЈА:**

(Доаѓа со виното. Тура во чашите, пие една по една, шепоти) Ти, која си жено што можеш да стоиш сред врели плачови студена тука? Какво ти срце во градите чука? Твојата студена душа замрзната е сета.

**ЕВТИХИЕ:**

(Се враќа. Ги тргнува чашите) Кое дете писка на брегон?

**МАРИЈА:**

Се удавила некоја жена. Ја нашле само нејзината шапка! Само нејзината шапка... (станува) Го видов Кузман. Кога  ме виде - побегна! Зошто, оче Евтихие? Зошто бега од мене?

## ЈАЗИКОТЌЕ НЕ СПАСИ ОД ДУШМАНИТЕ

Месечинска ноќ. Прличев чека. Доаѓа Кузман. Прличев сака да се поздрави. Кузман го одминува.

**КУЗМАН:**

Ние сме ајвани, немаме свој јазик, ти ќе измислуваш! Бевме Грци, Бугари - сега треба да бидеме измислен народ, а!

**ПРЛИЧЕВ:**

Што зборуваш, Кузмане?

**КУЗМАН:**

Така е! Немаме јазик - не сме народ! Ќе те отруе твојот измислен јазик! Ќе умираш а никој нема да знае што ти е болката! Тебе ти треба твој јазик! Сврти се! Очите подалеку од мене!

**ПРЛИЧЕВ:**

Сите сме еден народ. Зборуваме сите на наш и пак се разбираме. Треба еден јазик за да се сакаме. Ако не може да не спаси верата, ако не може јазикот, нема зошто да им се лутиме на душманите.

**КУЗМАН:**

Каде сме ние? Нас не нема! Твоите браќа не ќе беа писмени ако не бевме ние. Сме немале јазик! Ти треба да измислуваш јазик! Го понижи твојот даскал Димитрија, го понижи Константин и Миладинов, и мене, ако ме сметаш за човек. Нивните коски гнијат во Цариград а ти тука за нивниот јазик, за нашиот јазик велиш дека не постои! Твоите заблуди јас не можам да ти ги простам!

**ПРЛИЧЕВ:**

Не барам милост за моите заблуди!

**КУЗМАН:**

Не бараш милост? Јас барам милост! Дојдов да те убијам!

**ПРЛИЧЕВ:**

Нема да ти пречам.

**КУЗМАН:**

Никој досега не му направил такво зло на својот народ, какво што правиш ти, сега, никој! Сакаш да му измислиш јазик за да не се препознава. Има ли уште од твојата душа за продавање, Григоре? Не ти чини нашиот јазик - затоа престана да пишуваш! Срамота!

**ПРЛИЧЕВ:**

Во младоста пеев како славеј, не сакам сега да грачам како гавран!

**КУЗМАН:**

Да, така! Ние сме гаврани, а сите други се славеи! Сите сме гаврани! И мојот брачед Константин Миладинов е гавран! Не вади ја сабјава сосила!

**ПРЛИЧЕВ:**

Не викај! Ќе ги разбудиш светците.

**КУЗМАН:**

Не можам да ти простам. Ние гинеме по планините, а ти бараш нашите луѓе да бидат сé, само не наши. Утре може ќе држиш беседи и ќе им кажеш дека се Арнаути. За тебе Македонци нема. За тебе има само гаврани! Срамота, Григоре. Полесно ќе ми беше молчешкум да те убиев.

**ПРЛИЧЕВ:**

Врнеше силен дожд. Ден и ноќ без сон, со отворен чадор седев над моите книги за да ги зачувам од мокро. Сакав нешто да остане, да има нешто наше кога нас ќе не нема.

**КУЗМАН:**

Ако многу го сакаше овој народ, немаше да измислуваш јазик. Народ е ова, Григоре, не се волови. И тие пред тебе зборувале и овие сега зборуваат, не рикаат, не блејат, не грачат! Го газеш зборот со кој те задоила твојата мајка. Сакаше да те тапкаат по рамена. Уживаше да те викаат втор Хомер. Сам се јавив да те убијам. Моите горе, во планината, мислиш дека ништо не знаат. Мислиш само тепаме качаци, јадеме печурки, си ги чепкаме забите со сламки!

**ПРЛИЧЕВ:**

Не мислам дека само тепате качаци, и дека јадете печурки. Бугарите ќе си одат. Си отидоа Грците...

**КУЗМАН:**

Ќе дојдат Србите. Вчера фативме некаков шпион, Верковиќ...

**ПРЛИЧЕВ:**

Треба да остане некој писмен, Кузмане!

**КУЗМАН:**

Србите сега готват свои поети во Македонија!

**ПРЛИЧЕВ:**

Не зборувај глупости!

**КУЗМАН:**

Ќе умреш распарчан. Не ќе знаеш каде ти е душата. Ништо веќе нема да напишеш. Со вештачки јазик не може ниту да се умре! Како ќе кажеш - прости ми Господе! Ако ние немаме јазик, тоа значи дека не нема и нас. Треба и нас да не измислиш. Ако ти требаме.

**ПРЛИЧЕВ:**

Кузмане! Дојдов да се видиме. Ти си ми и утеха и надеж. Дојдов да ти ја кажам мојата болка.

**КУЗМАН:**

Бугарите те напаѓаат дека не знаеш бугарски. Грците сега ги мразиш. И тие тебе. На тој твој глуп измислен јазик ја преведуваш “Илијадата”. Знам, знам. Ќе те оставам да умреш растргнат од спомени.

**ПРЛИЧЕВ:**

Ќе заминам од Охрид.

**КУЗМАН:**

Не би сакал пак да се видиме. Ќе се снајдеме ние и без тебе. Бог нека ти е на помош!

**ПРЛИЧЕВ:**

Кузмане! Се слуша грачење.

**КУЗМАН:**

Бегај подалеку од несреќата! Од темнината излегува Јоне.

**ЈОНЕ:**

(Кон Прличев) Кога ќе викнам - бегаат сите птици! (Кузман сака да го заколе. Прличев го спречува). Владиката бара веднаш да го напуштиш Охрид. Не чекај да осамне. (тргнува) Бирај море во кое ќе се удавиш! (легнува)

## НЕКА НАУЧИ ДА СВИРИ НА ГАЈДА

Сончев ден. Море. Некоја "дива" плажа. Врева. Капачи. Женска што ги сонча градите.

### ХОРОТ - ФРЕСКА - ПТИЦИ

Приказната сега се префрла на Црното Море. Морето црно - денот летен! Птиците се кријат во сенките. Како да се зборува во ваква горештина? Доаѓаат со сламени шешири и плетени карирани костими за капење бугарските поети Ботев и Каравелов. Носат некакво списание. Нешто читаат и разговараат. Женската што се сонча, се покрива и продолжува да лежи во песокта. Поетите седнуваат на карпата со нозете во водата.

**БОТЕВ:**

(Го прелистува списанието) Слушај како ја превел "Илијадата" од Хомер!

**КАРАВЕЛОВ:**

"Илијадата"?! Каква дрскост! Неписмен човек преведува генијалец! На кој јазик ја правел, господине Ботев?

**БОТЕВ:**

Слушај! (со патос, потсмешливо, со бугарски акцент)

Пеј музо, јарост Ахилева

Тја ми беди устрои Елином

Тја испрати в адови т’мници

неброими души јуначески

Тја насити со меса јуначки

псине гладни и хиштните птици...

Девојката станува и заминува.

**КАРАВЕЛОВ:**

Каков е тој смешен јазик?

**БОТЕВ:**

Вчера го видов господин Бончев. Замисли, тој, како ли му беше името... Прличев, да, тој Прличев смета дека Хомер е долгословец и често дреме во стихот!

**КАРАВЕЛОВ:**

Хомер, дреме?!

**БОТЕВ:**

Е, да, и затоа Прличев во преводот за “Читалиште” се трудел да ги избегне недостатоците.

**КАРАВЕЛОВ:**

(се смее. му мафта некому со шеширот) Како и светат нозете! Простете, господин Ботев!

**БОТЕВ:**

Рекол ќе биде “строг кон сé што е излишно”. (двајцата прснуваат во смеа) Тој бездарен плагијатор, му прави забелешки на великиот Хомер!

**КАРАВЕЛОВ:**

Господине Ботев, ќе напишам фељтон против тоа кусо писателче!

**БОТЕВ:**

(мафта некому со шеширот)

**КАРАВЕЛОВ:**

Го имам и насловот! “Знаеш ли ти кои сме ние? “ Ќе напишам дека е никаков поет, неспособен и сосема неталанетиран. И ужасно лош литератор! Ќе напишам: “Бре Прличев, бре празна црпко! “

**БОТЕВ:**

Одлично! Почетокот е фантастичен! “Празна црпко! “

**КАРАВЕЛОВ:**

“Когато не си знајал б’лгарски език, та кој дјавол те е накарал да станеш б’лгарски литератор, б’лгарски поет и б’лгарски просветител. “

**БОТЕВ:**

Напиши - “до кога ште си играем с образовението ни и с’с науката? “

**КАРАВЕЛОВ:**

До кога ште да л’жем народа? Ако би вие попитали нази, то ние би пос’ветували б’лгарската публика да нас’рчи Прличева с тојагата, заштото само таја е в с’стојание да излечи или да укроти глупавите и неразбраните!

**БОТЕВ:**

Браво! Фантастично! Онаа госпоѓица, онаа лево - тебе те поздравува?

**КАРАВЕЛОВ:**

Не гледам далеку! (мафта) Само едно не ми е јасно! Зошто му дале Ловоров венец во Атина?

**БОТЕВ:**

Тоа е сосема јасно, господине Каравелов! Тие венци секогаш се даваат од политички причини. Грците сакаат целосно да ги оцепат нашите стари краишта, го сакаат дури и Охрид! Тие никогаш нема да се откажат од Македонија! Наградата е чиста политика. Ја читав таа поема. Има две-три пејзажа и тоа е сé! Тоа е толку рамно и глупо! Следната година таа награда беше укината зашто на конкурсот се јавуваа само бездарници, дилетанти. Власта не сакаше да финансира глупости! Ниту еден добитник не стана голем поет!

**КАРАВЕЛОВ:**

Колку убаво сонце имаме денес господине Ботев! Б’лгарско с’ нце од Черно Море до красивиот ни Охрид! (шлапка со нозете во водата, гледа) Овде шлапкам, а таму негде далеку се бранува Тихиот Океан! (почнува хистерично да се смее)

**БОТЕВ:**

Господине Каравелов, мравка во гаќите?! Или морска ѕвезда? А?

**КАРАВЕЛОВ:**

Сега забележав оти нозете ви висат над водата, господине! И минатото лето седевме овде, но тогаш, се сеќавам, водата ви беше дури до колената господине. Се смалувате вие или морето?

**БОТЕВ:**

(гледа во водата) Морето! Черно Море - бели риби! Во твојот фељтон би било добро со две реченици, евентуално три, да кажеш дека Хомер ќе го испразни Черно Море доколку “Читалиште“ продолжи да го објавува оној сакат превод на “Илијадата“! (се смее) Добро смислено, нели? Генијално! Та која е онаа лево, цел час мафта. Ене, ги крена и нозете! (станува) Сонцето секогаш ми го дига притисокот! Ене, гледаш!

**КАРАВЕЛОВ:**

(станува) Не гледам далеку! Господине Ботев, мислам дека треба веднаш да отидеме во редакцијата на "Читалиште" и да протестираме. Како може некојси таму Прличев од Охрид да ја преведува “Илијадата“! Тој воопшто не знае б’лгарски език!

**БОТЕВ:**

Имаш право, господине Каравелов. Ако не знае да пишува, нека научи да свири на гајда. Судбината е немилосрдна. Не можат сите да бидат поети! Нели така? Или види што бара онаа госпоѓица лево!

**КАРАВЕЛОВ:**

(тргнува неколку чекори) Па, та се дави! (трча)

**БОТЕВ:**

Кој се дави? (тргнува) Каравелов! Пливај право! Каравелов! (пауза) Штета.

## СТРАШНО Е АКО НА ОВОЈ НАРОД МУ СЕ ИСУШИ КРВТА

Мугра во македонска планина. Птиците се будат. Доаѓа Прличев. Се врти како изгубен. Грачи гавран. Претрчуваат сенки. Носат икони, делови од иконстас, свеќници, стари книги. Низ зраците што се пробиваат меѓу дрвјата, доаѓа Хомер. Во раката носи разни билки.

**ХОМЕР:**

Гневот, божице, спеј го на Ахила, синот Пелејев, пустиот гнев што им задава н' Ахајците безброј бољки, во ад испраќајќи многубројни јуначки души, нихните трупови пак правејќи ги плен на псите... (собра некаква билка). Таму, далеку, загледан во некоја ѕвезда - токму сега исто како нас дише некој човек. Секоја билка има свои име, Григоре!

Негде во дрвјата светнува фенер. Се осветлува лицето на Јоне Гавранот. Мафта но без глас.

**ХОМЕР:**

Овде некогаш небото беше многу ниско. Луѓето можеа да го допрат со рацете.

**ЈОНЕ:**

(грачи) Григориииииij, атинскииииij студент! Славниииииj и победоноснииииииij Елински стихотворц! (грачи) Ќе те бркам до крајот на светот! (грачи) Имам сенка меѓу нозете! (грачи) Бегај, бегај, бегај, бегаааааааај... (грачи)

**ПРЛИЧЕВ:**

(се врти како заплеткан, не знае каде да тргне) Ослободете ме од овој сон! Проколнат сум од мојот народ. Затворен сум во јазикот на мајка. Ослободете ме од овој затвор! Како да слезам во полето?

**ХОМЕР:**

Има само еден пат. Патот е зад дрвјата што се веднат. Ноќе се веднат до коренот. Кога ќе го бакнат коренот, тогаш ќе почнат да растат.

**ПРЛИЧЕВ:**

Ништо не сум сторил со животот. Сé било само заблуда. Што се случи со Троја?

**ХОМЕР:**

Троја не постои.

**ПРЛИЧЕВ:**

Треба да се измисли.

Пак светнува фенерот.

**ХОМЕР:**

Смртта се измислува само еднаш.

**ПРЛИЧЕВ:**

Како ќе се живее?

**ХОМЕР:**

ТОА Е НАЈЛЕСНО! Тешко е како да не се умре. Слушај како зборуваат билките! Тоа е љубов.

**ПРЛИЧЕВ:**

Негде може пак ќе се сретнеме.

**ХОМЕР:**

Треба да се измисли време.

**ПРЛИЧЕВ:**

Болно време.

**ХОМЕР:**

Билките лечат се!

**ПРЛИЧЕВ:**

Отровот е во душата.

**ХОМЕР:**

Чекај! Ги гледаш ли оние огнови што горат на онаа планина? Што е тоа?

**ПРЛИЧЕВ:**

Околу нив сега седи мојот народ и им раскажува приказни на децата. Се спасува со приказни. Дечињата заспиваат со жолти, жарчиња во очите.

**ХОМЕР:**

На мојот народ му се исуши крвта. Страшно е ако на народот му се исуши крвта, Григоре! Крвта боли и кога не се верува во неа.

Григор заминува. Светнува фенерот. Јоне крека не може да земе воздух.

**ХОМЕР:**

Григоре! Што се случи со Кузман?

**ТАЖАЧКАТА ЗА МРТВИОТ ЈУНАК**

Гегите носат самоделски ковчег, направен набрзина. Влегуваат четворица, а пред нив оди Рамиз - некогашниот стражар во дебарскиот затвор. Хорот тажи. Тоа е последната сцена од веќе најавениот театро.

**ХОРОТ:**

Крај трупот негов со тага коњот ‘ржи,
се уште крвав беше тој,
ја копка земјата и лад со гривата му држи
на стопанот и другар свој
И мајката истрчува со стапка трепет полна
се двоуми, но сал за миг...
По плачот општ се сети дека веста беше болна
и силен таа пушти крик...

**НЕДА:**

Тргнете се од дворот! Сакам да го видам. Молнете! Гледајте си на својот грев! Доста му се ридањата. Над вашите невести и ќерки плачете ој жални сега. За нив нема спас. Каква надеж отсега вам ќе ви носат дните?

Го нема веќе него, мојот јунак син... (и попуштаат нозете, клекнува до ковчегот)

**РАМИЗ:**

Биди силна. Народот ќе пее со уста милна за делата на твојот син. Сите певци ќе те слават тебе в шир по светот. Ти изгуби, мајко, џин!

**НЕДА:**

Молчи, молчи! Не ми треба од тебе сега збор.

**РАМИЗ:**

Запаливме огнови. Десет девојчиња грабнавме. Врз месото како јастреби се фрливме гладни. Штом некој од жедност ќе посака вода - служеа тие страдни. Ко трандафил алов црвенеа децата кутри!

**НЕДА:**

(Хорот - птици испушта испушта крици а Неда се свртува кон нив) Доста ридања! Земја со солзи не се брани, бедни!

**РАМИЗ:**

Држеше во рацете сабја дамасклија, лута двеостра сабја од челик. Зад коњот негов трчаа уште десет. Се спуштија како далга во бојот. Потоа син ви остана сам. Го тераше коњот ко молња и без да го запре. Погледот ровја му беше. Албанецот грешен паѓаше ничкум, течеше крвта пролеана бедно. Со ноздрите раширени ‘ржеше коњот во пења. На смртен тој не личеше тогаш. Под сабјата негова паѓаа моите јунаци, сите. Полето пливна во крв.

**НЕДА:**

Мој мачен сине - попусто храброст за овој народ што плаче! Марија во бел фустан те чека да и се вратиш. Кој сега да и каже дека ти, еве, се врати...

**РАМИЗ:**

Не тажи го, мајко! Тој падна бранејќи ја земјата мачна. Не како здушен, прогниен, гладен, не како удавен в браној. Падна од јуначки рани. Во страшната борба тој отепа не еден Гега! Ги уби и Јакуп, и Рушит, Селман... (еден од Албанците му дофрлува: “Абдула“)... Абдула, Тели, Суљо, Коџа, Леши, Острени, Ахмети, и најпосле дивиот Махмуд, кој беше во сешто бик меѓу стадото бесно. Останавме само ние живи. Го донесовме да не биде храна за птиците злобни ниту плен да им стане на пците. Јас не сретов појунак човек, а многу битки сум биел, мајко!

**НЕДА:**

Многу зборови а малку верба! Вратата е таму!

**РАМИЗ:**

Јас ќе го почитувам овој дом и вашиот јунак син. Албанец нема да згазне на зборот!

Се слуша крик, писок. Низ Хорот, меѓу свеќите, излегува Марија во бел фустан. И паѓа букетот од рацете. Ја гушнува Неда.

**НЕДА:**

(кон Албанецот) Зар повтор со злосторни мисли сте полни?! Скитници, грбливи страчки! Зар пак, разбојници, кроите некакви убиства, кражби и плачки! Зар не се сеќавате клетници, божјата рака како ве разори,

смачка? Ил ‘диво се смеете во срце син ми што загина сакан! Мислите - час е за пљачка!

**МАРИЈА:**

(ја распостила својата коса врз ковчегот) Ако имаш жива рана в срце, дрво церово, и јаворово, и брестово и корењата да се сварат со бело вино и пиј, пиј, пиј... и перуника попарена, и жолт и црвена, и пред сонце на раскрсје, пиј, пиј... душата ќе се спаси... пиј, пиј, пиј...

**НЕДА:**

Борци ќе воскресне Река и нивни ќе излезам водач во гора. По вашите траги ќе тргнам и по вас ќе одам. Зошто ми е живот кога син ми неодмазден ќе е? Залудно ти ми го фалиш ко јунак, враг си му нему по вера! Света е куќата моја - со барут и железо полна е. Сал мојата куќа ќе биде чествувана? Другите пак ќе ги пљачкате, нели?

**МАРИЈА:**

Каде ќе се сретнат нашите души?

**НЕДА:**

На рамо го носевте син ми, голем пат вие сте прошле. Знам нечесно ќе е да почнам со играта сега, зошто со милост сте дошле. (пауза) Денес нема да почнеме битка. Знам дека вие нема да седите мирни! Надвор од мојата куќа! Надвор!

Албанците стојат еден миг неми. Потоа брзо излегуваат. Хорот се доближува до ковчегот. Свеќите горат.

**МАРИЈА:**

Може да се земе од ластовица седало, да се вари со оцет, да се процеди и да се мириса, и болеста ќе ја снема, како да не била, ќе ја снема...

**НЕДА:**

Се надевав, Кузмане дека како младоженец в зора девојките ќе ми те облечат, тука ќе екнат, весели, свадбени ора. Злосторна судбина, како се мени! Тажачки слушаш да пекам! И наместо одаја брачна, јамата црна тебе те чека, не остана надеж! На рацете нема да залулам внуче. Слушав од вразите твои, фалби што тебе те слават. Сред ливада, горе, татко и син ќе се сретат, татко сина ќе гушне. Во борбите диви што сторила твојата чета од тебе тогаш ќе слушне. Радосен ќе ми те баци. Може во радоста силна и мене ќе ми подадете раце. (кон народот) Не тажете вие! Плачот остајте го еднаш. Солзите веќе не се спас! Внесете го син ми дома! (четворица мажи го земаат ковчегот и го носат, зад него се влече долго, црвено платно)

**МАРИЈА:**

Згасни сонце! Не ни требаше веќе!

## ПЕСНАТА НА СТРЕЦОТ

Во дворот на стариот манастир. Стари гробови и крстови. Отец Автихие длаби нешто во еден од недоурнатите ѕидови на некакво старо светилиште. Зад големиот крст, полека гаси сонцето. Доаѓа девојче во бело фустанче. Седнува на еден гроб и рони лепче, го мами сонцето да остане, да не згаси. Сонцето за жал полека згаснува. Негде високо, како

да лебди во темнината, седи старецот и свири на гусла. Девојчето полека се качува до старецот. Зад камениот крст се појавува големата шапка на Темјана Ризова, а потоа и лицето на Јоне Гавранот.

**ЈОНЕ:**

Елена! Шапката...

**ЕЛЕНА:**

(седнува до старецот)

**СТАРЕЦОТ:**

(со глас што се шири и се враќа како шепот) На гусла двоструна свирејќи, покрај патот седнат, го пее ова просјак сед; а јас пак прост запишувач, минејќи еднаш го запишав од ред до ред... од ред до ред...

**ЈОНЕ:**

Елена! (ја остава шапката на крстот) Јас сум! Јоне Гавранот. Ништо не е вистина. Елена! Лажат! Елена!

(Евтихие силно го удира со камен. Тешка тишина. Свети само шапката на Темјана. Низ темнината како смртен шепот се слуша ехото: “од ред до ред, од ред до ред, од ред до ред...”

(Скопје, 1999 -2006)